

# КАВАДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР

ИЗДАНИЕ БР. 57,
МЕСЕЦ
АПРИЛ 2024

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

Во новиот информатор ќе пронајдете:
Најнови проекти, настани,
образование и друго.
Продолжете со читање !

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ПОДГОТОВКИ ЗА АСФАЛТИРАЊЕ ВО НАСЕЛБА СТРАШО ПИНЏУР, ОДНОСНО НА УЛ. „ИНДУСТРИСКА" НА ПОВРШИНА ОД 4600М2, ОТКАКО ПРЕТХОДНО ЈП КОМУНАЛЕЦ РАБОТЕШЕ НА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА АТМОСФЕРСКА, ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА И ВОДОВОДНА МРЕЖА. ОВОЈ ПРОЕКТ Е СОГЛАСНО ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ЗА 2023 ГОДИНА. ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ГРАДБА ПРОМЕТ.






Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ ДОБИ НОВ ГПС УРЕД КОЈ ЌЕ СЕ КОРИСТИ ЗА КОМПЛЕТНО УСОВРШУВАЊЕ И НАДГРАДУВАЊЕ НА ПОДЗЕМНИОТ КАТАСТАР КОЈ ВЕЌЕ Е ЗАПОЧНАТ И Е НАМЕНЕТ ЗА ВОДОВОДНИ ЛИНИИ, ШАХТИ И ОСТАНАТА ПОДЗЕМНА ИНФРАСТРУКТУРА НА ЈП КОМУНАЛЕЦ. ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ВО 2022 ГОДИНА ГО ДОБИ ОВОЈ ПОДЗЕМЕН КАТАСТАР, И ИСТИОТ ПРЕТСТАВУВА ГОЛЕМ ЧЕКОР И ПРОЕКТ ЗА ОПШТИНАТА, А БЕШЕ НА ИНИЦИЈАТИВА НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ.





ИСКОП И ПОСТАВУВАЊЕ НА ВОДОВОДНА ЛИНИЈА ЗА НАВОДНУВАЊЕ НА ФУДБАЛСКОТО ИГРАЛИШТЕ ВО СЕЛО ДРЕНОВО ВО ДОЛЖИНА ОД 650М2, ОД СТРАНА НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА И ЈП КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ.





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ПОДИГАЊЕ НА НОВИ ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ И ХОРТИКУЛТУРНО УРЕДУВАЊЕ НА УЛ.ЦВЕТАН ДИМОВ.





ЧИСТЕЊЕ И ОДВОДНУВАЊЕ ОКОЛУ НОВАТА ДЕТСКА ГРАДИНКА ВО СЕЛО ДРЕНОВО, СО МЕХАНИЗАЦИЈА ОД ЈП КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ.



ПО БАРАЊЕ НА МЕСНА ЗАЕДНИЦА ДРЕНОВО,СЕ ЗАПОЧНА СО САНАЦИЈА НА ПОЛСКИОТ ПАТ ВО АТАРОТ НА СЕЛОТО, СО МЕХАНИЗАЦИЈА ДОНАЦИЈА ОД ОПШТЕСТВЕНО ОДГОВОРНАТА ФИРМА ЈА-МИ КАВАДАРЦИ.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ПАРТЕРНО УРЕДУВАЊЕ ОКОЛУ „ИНТЕРВЕНТЕН ЦЕНТАР ЗА ЗГРИЖУВАЊЕ НА ЛИЦА ОД СОЦИЈАЛЕН РИЗИК".
ДЕЛ ОД ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ЗА 2023 ГОДИНА, А ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ГРАДБА ПРОМЕТ.



ВОЛОНТЕРИ ОД ОПШТИНА КАВАДАРЦИ РАБОТЕА НА ЧИСТЕЊЕ НА НЕКОЛКУ ЛОКАЦИИ И ТОА: ОД ПОСЛЕДНИОТ ВАТАШКИ МОСТ ДО МЕСНОСТА МОКЛИШТЕ, РЕГИОНАЛЕН СТАЦИОНАР ЗА БЕЗДОМНИ МИЛЕНИЦИ, НОВА ГРАДИНКА ВО СЕЛО ДРЕНОВО И УЛ. „ЦВЕТАН ДИМОВ".





СЕ ИЗВРШИ ЧИСТЕЊЕ НА НОВОСОЗДАДЕНА ДИВА ДЕПОНИЈА ВО БЛИЗИНА НА ВАТАШКОТО ФУДБАЛСКО ИГРАЛИШТЕ. ПРЕВЕНТИВНО ИСКОПАН Е И ВЕШТАЧКИ КАНАЛ СО ЦЕЛ ДА СЕ СПРЕЧИ ПРИСТАП И СОЗДАВАЊЕ НА НОВА ДЕПОНИЈА.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ПОПЛОЧУВАЊЕ НА КРАК ОД УЛ. „ГАЛИШКА" ОД ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ЗА 2023 ГОДИНА.

ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА АС МАШИНИ.





ЧИСТЕЊЕ НА ДИВА ДЕПОНИЈА НА УЛ. КЛИНСКА КОЈА ТЕКОВНО СЕ ЧИСТИ НЕКОЛКУ ПАТИ ГОДИШНО, СО МЕХАНИЗАЦИЈА ОД ЈП КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ.





ПО БАРАЊЕ НА МЗ КРЊЕВО, МЕХАНИЗАЦИЈА ОД Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ РАБОТЕШЕ НА САНИРАЊЕ НА ПАТОТ И ЧИСТЕЊЕ ОД КАНАВКИ ДО МАНАСТИРОТ СВ. „АРХАНГЕЛ МИХАИЛ". САНАЦИЈА НА СЕЛСКИОТ ЈАЗ ОД РЕКАТА БОШАВИЦА ЗАРАДИ СНАБДУВАЊЕ СО ВОДА ЗА НАВОДНУВАЊЕ НА РАНОГРАДИНАРСКИ БАВЧИ ВО СЕЛОТО КАКО И ЧИСТЕЊЕ ОД НАНОСИ НА ЗЕМЈА НА СЕЛСКИОТ ПРОСТОР.





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ПО БАРАЊЕ НА МЗ ВАТАША, СО МЕХАНИЗАЦИЈА ОД Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ СЕ РАБОТИ НА САНАЦИЈА И ОДРЖУВАЊЕ НА НЕКОЛКУ ПОЛСКИ ПАТИШТА ВО МЕСНОСТА ВИКАНА „КАТУНИШТЕ".





ПО БАРАЊЕ НА МЗ ДОЛНА БОШАВА, СЕ РАБОТИ НА УРЕДУВАЊЕ И ЧИСТЕЊЕ ОКОЛУ СЕЛСКАТА ЧЕШМА, КАКО И ОДРЖУВАЊЕ НА ПАТИШТАТА ВО АТАРОТ НА СЕЛОТО.





ВО ТЕК НА ИЗГРАДБА Е ФОНТАНАТА ВО СПОМЕН НА САШКО ГЕШОВСКИ, НА КРУЖНИОТ ТЕК КОЈ ГО ДОБИ НЕГОВОТО ИМЕ. ИДЕЈНОТО РЕШЕНИЕ СЕ СОСТОИ ОД ЦЕНТРАЛНА КРУЖНА ФОНТАНА СО ВИСОК МЛАЗ ВОДА И ДВЕ ПОЛУКРУЖНИ ФОНТАНИ КОИ СЕ ИЗРАБОТЕНИ ОД ТЕМЕН МАТЕРИЈАЛ КОЈ ЈА ОБИКОЛУВААТ ЦЕНТРАЛНАТА ФОНТАНА, МАТЕРИЈАЛИТЕ СЕ МОДЕРНИ, ЛЕСНИ ЗА ОДРЖУВАЊЕ И ДОЛГОТРАЈНИ.

ИЗВЕДУВАЧ НА ПРОЕКТОТ Е ОЈА ДООЕЛ, А ФИНАНСИСКАТА КОНСТРУКЦИЈА Е ВО ВИСИНА ОД 2 700 000,00 ДЕНАРИ.

ЗА УБАВО КАВАДАРЦИ!

КАВАДАРЦИ ЗА СИТЕ!





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ПО БАРАЊЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА СЕ РАБОТИ НА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА И ВОДОВОДНА ЛИНИЈА, НА КРАК ВО НАСЕЛБА БЕЛ КАМЕН, ОД СТРАНА НА Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ.



ОТКАКО ПРЕТХОДНО СЕ ИЗВРШИ ИСКОП ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА ЛИНИЈА ЗА НАВОДНУВАЊЕ НА ФУДБАЛСКОТО ИГРАЛИШТЕ ВО С.ДРЕНОВО, СЕ РАБОТЕШЕ НА ПОСТАВУВАЊЕ НА ЗАШТИТНА ОГРАДА НА ИСТОТО.



ПОПЛОЧУВАЊЕ НА ПРИСТАПЕН ПАТ ДО РЕГИОНАЛЕН СТАЦИОНАР ЗА ЗГРИЖУВАЊЕ НА БЕЗДОМНИ МИЛЕНИЦИ НА ПОВРШИНА ОД 330 М2, ОТКАКО ПРЕТХОДНО БЕШЕ ПОСТАВЕНА ВОДОВОДНА ЛИНИЈА И ОСВЕТЛУВАЊЕ.

ИНВЕСТИЦИЈА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, ПО ПРОГРАМА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ЗА 2023 ГОДИНА, А ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА АС МАШИНИ.





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ОТКАКО ПРЕТХОДНО СЕ ИЗВРШИ РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ГЛАВНАТА АСТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО НАСЕЛБА СТРАШО ПИНЏУР ОД СТРАНА НА Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ СЕ ЗАПОЧНА СО ИСКОП ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА АТМОСФЕРСКА ЛИНИЈА НА ЗАПАДЕН БУЛЕВАР.





ВО ТЕК Е РЕКОНСТРУКЦИЈА НА КАНАЛИЗАЦИОНА МРЕЖА СО ЦЕВКИ Φ250 КАКО И ВОДОВОДНА ЛИНИЈА СО ЦЕВКИ Φ63 НА СПОРЕДНА УЛИЦА ВО НАСЕЛБА ГЛИШИЌ. СЕ РАБОТИ ЗА ДОЛЖИНА ОД 60 МЕТРИ, ЦЕЛАТА ИНВЕСТИЦИЈА Е НА Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ.





ГРАДЕЖНА ГРУПА НА ЈП КОМУНАЛЕЦ РАБОТЕШЕ НА РЕКОНСТРУКЦИЈА И БЕТОНИРАЊЕ НА ЖАРДИНЕРИИТЕ НА УЛ. „7 СЕПТЕМВРИ”.





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ВО ТЕК Е АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛ.ИНДУСТРИСКА. ОВАА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА Е ДЕЛ ОД ПРОЕКТОТ ЗА АСФАЛТИРАЊЕ НА 3 УЛИЦИ ВО ОВОЈ ДЕЛ ОД ГРАДОТ.
ПРОЕКТОТ Е СО ФИНАНСИСКА ВРЕДНОСТ ОД 10 500 000 ДЕНАРИ И ВКУПНА ПОВРШИНА ОД 1300 МЕТРИ КВАДРАТНИ.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ГРАДБА ПРОМЕТ.





ИНТЕНЗИВНО СЕ РАБОТИ НА ИЗГРАДБА НА ДНЕВЕН ЦЕНТАР ЗА ЛИЦА СО ТЕЛЕСНА ИЛИ МЕНТАЛНА ПОПРЕЧЕНОСТ КОЈ ЌЕ РАСПОЛАГА СО КАПАЦИТЕТ ОД 40 КОРИСНИЦИ.
ВКУПНАТА ПРОЦЕНЕТА ВРЕДНОСТ НА ПРОЕКТОТ Е 40.856.910 ДЕНАРИ.
ЗА ДА ИМ ОВОЗМОЖИМЕ ПОДОБАР КВАЛИТЕТ НА ЖИВОТ НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ!
ПРОЕКТ КОЈ БЕШЕ ДЕЛ ОД ИЗБОРНАТА ПРОГРАМА НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ.




ИНТЕНЗИВНО СЕ РАБОТИ НА ИЗГРАДБА НА ДНЕВЕН ЦЕНТАР ЗА ЛИЦА СО ТЕЛЕСНА ИЛИ МЕНТАЛНА ПОПРЕЧЕНОСТ КОЈ ЌЕ РАСПОЛАГА СО КАПАЦИТЕТ ОД 40 КОРИСНИЦИ.
ВКУПНАТА ПРОЦЕНЕТА ВРЕДНОСТ НА ПРОЕКТОТ Е 40.856.910 ДЕНАРИ.
ЗА ДА ИМ ОВОЗМОЖИМЕ ПОДОБАР КВАЛИТЕТ НА ЖИВОТ НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ!
ПРОЕКТ КОЈ БЕШЕ ДЕЛ ОД ИЗБОРНАТА ПРОГРАМА НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ.





# НАСТАНИ

ШЕСТА ГОДИНА ПО РЕД, СЕКОЈА ПРОЛЕТ И ЕСЕН СЕ ПОШУМУВААТ И ОКОЛНИТЕ ЕРОЗИВНИ ПОДРАЧЈА ШТО ГО НАПАЃААТ ГРАДОТ. ТРИ ГОДИНИ СЕ ПОШУМУВАШЕ НА ЖУРОВ ДОЛ ВО С.ВАТАША, ВО КАДЕ СЕ ПОСАДИЈА 40.000 САДНИЦИ ОД ЧЕМПРЕС И БАГРЕМ. ИЗМИНАТИТЕ ДВЕ И ОВАА ВЕЌЕ ТРЕТА ГОДИНА СЕ ПОШУМУВА НА ЛОКАЛИТЕТОТ ГЛИШИЧКИ РИД, КАДЕ БЕА ПОСАДЕНИ ДОСЕГА 15.000 САДНИЦИ. ВО ОВА ПРОЛЕТНО ПОШУМУВАЊЕ, ЌЕ СЕ ПОСАДАТ УШТЕ 2.500 САДНИЦИ НА БАГРЕМ, А НА ЕСЕН СЕ ПЛАНИРА ПОМАСОВНО САДЕЊЕ ОД 5.000 САДНИЦИ. ВКЛУЧЕНИ СЕ ВРАБОТЕНИ ОД ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА, ИНСПЕКЦИСКОТО ОДДЕЛЕНИЕ И МОЈ ОПШТИНАР. СИТЕ СРЕДНИ УЧИЛИШТА, ПРЕТЕЖНО СРЕДНОТО ШУМАРСКО УЧИЛИШТЕ КОЕ ШТО ИЗВЕДУВА И ПРАКТИЧНА НАСТАВА ПАРАЛЕЛНО, И НЕВЛАДИНА ЕКО ЖИВОТ СО НИВНИ ВОЛОНТЕРИ. ЈП КОМУНАЛЕЦ И МОЈ ОПШТИНАР, НЕУМОРНО РАБОТАТ НА ТОА КАВАДАРЦИ ДА БИДЕ КОНТИНУИРАНО ЧИСТО, ЗЕЛЕНО И УБАВО!





ПРИПАДНИЦИТЕ ОД ИСЛАМСКАТА ВЕРОИСПОВЕД ГО СЛАВЕА МЕСЕЦОТ РАМАЗАН, РАМАЗАН ИШЕРИТ. ПО ТОЈ ПОВОД ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ОРГАНИЗИРАШЕ ИФТАРСКА ВЕЧЕР ЗА ГОСТИ ОД СКОПЈЕ И КАВАДАРЦИ.

ДА ГИ ИСКОРИСТИМЕ РЕЛИГИИТЕ И ВЕРСКИТЕ УВЕРУВАЊА ЗА УБАВИ НЕШТА.

НЕКА ОВОЈ ГОЛЕМ ПРАЗНИК ВИ ДОНЕСЕ ПРИЈАТНИ ДЕНОВИ, ИСПОЛНЕТИ СО МИР И БЛАГОСОСТОЈБА.





# НАСТАНИ

СВЕТСКИ ДЕН НА СВЕСНОСТА ЗА АУТИЗМОТ. СО ВКЛУЧУВАЊЕ НА СИНО СВЕТЛО ДОЛЖ ОПШТИНСКАТА ЗГРАДА ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ИМ ИСПРАЌАМЕ ПОРАКА ЗА ПОДДРШКА НА СИТЕ ЛИЦА СО АУТИЗАМ.
ВАШИТЕ СРЦА СЕ ВО СРЦЕТО НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ



ОПШТИНА КАВАДАРЦИ Е ДЕЛ ОД ОПШТЕСТВЕНО ОДГОВОРНАТА КАМПАЊА НА МАКПЕТРОЛ

УЧЕНИЦИТЕ КОИ ПОСЕТУВААТ НАСТАВА ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА ВО КАВАДАРЦИ ЌЕ СЕ СТЕКНАТ СО ЗНАЕЊА ЗА ВРСНИЧКО НАСИЛСТВО. ОВАА АКТИВНОСТ Е ДЕЛ ОД ОПШТЕСТВЕНО ОДГОВОРНАТА КАМПАЊА НА „МАКПЕТРОЛ". СО ЦЕЛ ПОЕФИКАСНА РЕАЛИЗАЦИЈА, ОПШТИНАТА И КОМПАНИЈАТА ПОТПИШАА МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА. НА КРЕНИГЛАСПРОТИВВРСНИЧКОНАСИЛСТВО ДОСЕГА СЕ ПРИКЛУЧИЈА 20 ОПШТИНИ. РАБОТИЛНИЦИ СЕ ОДРЖААВО НАД 40 УЧИЛИШТА, А НА НИВ УЧЕСТВУВАА НЕКОЛКУ ИЛЈАДИ УЧЕНИЦИ. ИСТИТЕ СЕ ВО ТЕК ВО ДЕЛ ОД ОПШТИНИТЕ, А ВО ОСТАНАТИТЕ ЌЕ СЕ ОДРЖАТ ВО ПЕРИОДОТ ШТО СЛЕДУВА.




ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ЗАЕДНО СО ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ГИ ПОТПИШАА ДОГОВОРИТЕ ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ПРОЕКТНИТЕ АКТИВНОСТИ ОД ПОВЕЌЕ ПРИОРИТЕТНИ ОБЛАСТИ ЗА 2024 ГОДИНА, СОГЛАСНО РАСПИШАНИОТ ЈАВЕН ПОВИК ЗА ПРИБИРАЊЕ НА ПРЕДЛОГ ПРОЕКТИ НАМЕНЕТИ ЗА ОРГАНИЗАЦИИ РЕГИСТРИРАНИ НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ. ЈАВНИОТ ПОВИК ТРАЕШЕ ВКУПНО 15 ДЕНА ЗАКЛУЧНО СО 15.02.2024 ГОДИНА. НА ИСТИОТ БЕА ОДОБРЕНИ 22 ОРГАНИЗАЦИИ СО ВКУПНО ОДОБРЕН БУЏЕТ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ ОД 2.210.000,00 ДЕНАРИ.





ВО РАМКИ НА РАЗВОЈ НА ВИНСКИОТ ТУРИЗАМ, И ПРИВЛЕКУВАЊЕ НА ВИНСКИ ТУРИСТИ, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ НА ПОСЛЕДНАТА СЕДНИЦА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНАТА ДОНЕСЕ ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ЈОУ ЛОКАЛЕН ВИНСКИ МУЗЕЈ ЗА РЕГИОН ТИКВЕШ – КАВАДАРЦИ ПРОСТОР ВО ЦЕНТАРОТ НА ГРАДОТ ЗА ОТВАРАЊЕ НА ВИНОТЕКА.

ВИНОТЕКАТА Е РЕГИСТРИРАНА КАКО ПОДРУЖНИЦА НА ГРАДСКАТА ВИНОТЕКА ВО РАМКИ НА ВИНСКИОТ МУЗЕЈ КАДЕ ШТО ЌЕ МОЖАТ ДА СЕ КУПАТ ВИНА, РАКИЈА И ВИНСКИ ПРОИЗВОДИ ОД МАЛИТЕ СЕМЕЈНИ ВИНАРИИ КОИ ЕГЗИСТИРААТ НА ТЕРИТОРИЈА НА ТИКВЕШИЈАТА.

ОВА Е ВТОРА ВИНОТЕКА ВО СКЛОП НА ВИНСКИОТ МУЗЕЈ И СЕ РАБОТИ ВИЗИОНЕРСКИ БРОЈОТ ДА БИДЕ ЗГОЛЕМЕН.

ЦЕЛТА Е ПРЕКУ ОВИЕ СПЕЦИЈАЛИЗИРАНИ ПРОДАВНИЦИ ДА СЕ ДОБИЕ ПОГОЛЕМА ПРОМОЦИЈА НА ВИСОКОКВАЛИТЕТНО МАКЕДОНСКО ВИНО НО И ДРУГИ ПРОИЗВОДИ ОД ГРОЗЈЕ ( МАЏУН, ГРОЗДОВ СОК) ШТО СЕ ВИСТИНСКИ ТРАДИЦИОНАЛЕН И КУЛТУРЕН БЕЛЕГ НА ОПШТИНАТА.

СО ОВИЕ ВИНОТЕКИ СЕ ЗГОЛЕМУВА И ТУРИСТИЧКАТА ПОНУДА НА КАВАДАРЦИ, КАКО ЦЕНАТР НА ТИКВЕШИЈАТА КАКО НАЈГОЛЕМ ЛОЗАРОВИНАРСКИ РЕГИОН ВО ДРЖАВАТА А СО ТОА И ПОБРЗ ЛОКАЛНО ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ.








ВО РАМКИТЕ НА ПРОЕКТОТ „СПРАВУВАЊЕ СО ЗАГАДУВАЊЕ НА ВОЗДУХОТ“, ФИНАНСИРАН ОД ШВЕДСКА, EMBASSY OF SWEDEN IN SKOPJE , КОЈ УНДП ГО СПРОВЕДУВА ВО ПАРТНЕРСТВО СО МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПП / MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR DHE PH СЕ ОДРЖА ДЕВЕТТАТА РАБОТИЛНИЦА ЗА ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ОПШТИНСКИТЕ И ИНСПЕКЦИСКИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ ОД ЖИВОТНА СРЕДИНА.

НА РАБОТИЛНИЦАТА УЧЕСТВУВАА ПРЕТСТАВНИЦИ НА ПЕТТЕ ОПШТИНИ ОПФАТЕНИ ВО ПРОЕКТОТ - КАВАДАРЦИ, СТРУМИЦА, КУМАНОВО, ГОСТИВАР, СТРУГА И ДЕЛ ОД ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ КОИ СПРОВЕДУВААТ АКТИВНОСТИ ВО РАМКИ НА ПРОЕКТОТ.

НА ОВАА РАБОТИЛНИЦА СЕ СПОДЕЛИЈА ДОБРИ ПРАКСИ ОД РЕГИОНОТ И ОД ЕВРОПА ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА ВОЗДУХОТ.




ПРЕТСТАВНИЧКАТА ОД ШВЕДСКАТА АГЕНЦИЈА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА, САРА БАРНЕКОУ, ГИ СПОДЕЛИ НИВНИТЕ ИСКУСТВА ЗА ЗАЧУВУВАЊЕТО НА КВАЛИТЕТОТ НА ВОЗДУХОТ И ИНФОРМИРАШЕ ДЕКА ШВЕДСКА СО ДЕЦЕНИИ РАБОТИ ЗА ПОЧИСТ ВОЗДУХ ЗА СВОИТЕ ГРАЃАНИ.

ПОТРЕБАТА ОД ПРЕЦИЗНО ДЕТЕКТИРАЊЕ НА ЗАГАДУВАЧИТЕ, КАКО НЕОПХОДНА МЕРКА ЗА ДИЗАЈНИРАЊЕ НА СООДВЕТНИТЕ МЕРКИ, ЈА ПОТЕНЦИРАШЕ И ПЕТАР ГЕРШИЧ ОД ЛОКАЛНАТА ВЛАСТ ВО НОВО МЕСТО, СЛОВЕНИЈА.

ДЕЛЕГАЦИЈА ОД ОПШТИНА КАВАДАРЦИ БЕШЕ ДЕЛ ОД СТУДИСКА ПОСЕТА НА ЕРМЕНИЈА, СО КОЈА ТРЕБА ДА СЕ ИСТРАЖАТ МЕЃУНАРОДНИ ПРАКТИКИ ВО СОРАБОТКАТА ПОМЕЃУ ОПШТИНИТЕ, БИЗНИС ЗАЕДНИЦАТА И ДАВАТЕЛИТЕ НА СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ВРАБОТЛИВОСТА НА МЛАДИТЕ И НИВНА СОЦИЈАЛНА ИНТЕГРАЦИЈА.



СТУДИСКАТА ПОСЕТА Е ДЕЛ ОД ПРОЕКТОТ НА СОС ДЕТСКО СЕЛО “ЈАКНЕЊЕ НА МЛАДИТЕ ЗА НОВИ МОЖНОСТИ”, КОЈ ЈА ЗАЈАКНУВА ВРАБОТЛИВОСТА НА МЛАДИТЕ ВО 6 РЕГИОНИ ВО ДРЖАВАТА А ОПШТИНА КАВАДАРЦИ Е ПАРТНЕР ВО РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ПРОЕКТОТ.

СЕ ОСТВАРИЈА СРЕДБИ СО ЗАМЕНИК ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ГРАДОТ ЕРЕВАН ВО ЕРМЕНИЈА, ПОСЕТА НА ОПШТИНА ИЈЕВАН КАКО И ДРУГИ ДРЖАВНИ ИНСТИТУЦИИ И НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ. ПО ОВАА ПОСЕТА, ОПШИНАТА ЗАЕДНО СО СОС ДЕТСКО СЕЛО ЌЕ РАБОТИ НА КРЕИРАЊЕ НА АКТИВНОСТИ ЗА СТРАТЕШКА СОРАБОТКА СО НВО-И ОД КАВАДАРЦИ, СОС ДЕТСКО СЕЛО И БИЗНИС ЗАЕДНИЦАТА ВО НАСОКА НА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ВРАБОТЛИВОСТА НА МЛАДИТЕ ОД ОПШТИНА КАВАДАРЦИ И ВАРДАРСКИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН.



САЕМ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ, ЧИСТИ ТЕХНОЛОГИИ И ПАМЕТНИ ГРАДОВИ СЕ ОДРЖА ВО КАВАДАРЦИ.
САЕМОТ Е ВО РАМКИТЕ НА ПРОЕКТОТ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО ЗАГАДУВАЊЕТО НА ВОЗДУХОТ ВО КАВАДАРЦИ ПОДРЖАН ОД УНДП, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ И КРАЛСТВОТО ШВЕДСКА.
ПОЧИСТ, ПОЗЕЛЕН И ПО ПРОСПЕРИТЕТЕН ГРАД, СЕ ЦЕЛИТЕ КОН КОИ СЕ СТРЕМИ ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, СО ФОКУС НА ЕНЕРГЕТСКАТА ЕФИКАСНОСТ, КАКО ВОДЕЧКИ ПРИНЦИПИ ВО СИТЕ НАШИ НАПОРИ ЗА НАМАЛЕНО АЕРОЗАГАДУВАЊЕ, ЗГОЛЕМЕНА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПАМЕТНИ ТЕХНОЛОГИИ ВО ГРАДОТ.
НА ГРАДСКИОТ ПЛОШТАД ВО КАВАДАРЦИ СЕ ОДРЖА САЕМОТ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ, ЧИСТИ ТЕХНОЛОГИИ И ПАМЕТНИ ГРАДОВИ СО ЦЕЛ ЗАЕДНО, ДА ГО ОТВОРИМЕ ПАТОТ КОН ПОСВЕТЛА И ПООДРЖЛИВА ИДНИНА ЗА НАШИОТ САКАН ГРАД. НА САЕМОТ СИТЕ ЗАИНТЕРЕСИРАНИ МОЖЕА ДА СЕ ИНФОРМИРААТ ЗА ПРОИЗВОДИ И УСЛУГИ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ, ЧИСТИ ТЕХНОЛОГИИ И ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА.
САЕМОТ СЕ ОРГАНИЗИРАШЕ ВО РАМКИТЕ НА ПРОЕКТОТ "ТРАНСФОРМАЦИСКА ПРОМЕНА ВО СПРАВУВАЊЕТО СО ЗАГАДУВАЊЕТО НА ВОЗДУХОТ ВО КАВАДАРЦИ", КОЈ Е ПОДДРЖАН ОД УНДП, КРАЛСТВОТО ШВЕДСКА И ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.




ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ЗАЕДНО СО СЛУЖБИ ОД ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА, ПРЕТСТАВНИЦИ ОД ЈП КОМУНАЛЕЦ И МОЈ ОПШТИНАР, ИМАШЕ ПРИЕМЕН ДЕН ЗА ГРАЃАНИТЕ. СЕ РАЗГОВАРАШЕ СО ОКОЛУ СТОТИНА ГРАЃАНИ ЗА НИВНИТЕ ПРОБЛЕМИ, НО И ПРЕДЛОЗИ, СУГЕСТИИ И ЗАБЕЛЕШКИ ВО ДЕЛОТ НА УРБАНИЗМОТ, КОМУНАЛНАТА ИЗГРАДБА, КАКО И НА ДРУГИ ТЕМИ.



# НАСТАНИ

ПРЕТСТАВНИЦИ ОД ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ПРИСУСТВУВАА НА ГЕНЕРАЛНОТО СОБРАНИЕ НА НАЛАС - МРЕЖАТА НА АСОЦИЈАЦИИ НА ЛОКАЛНИТЕ САМОУПРАВИ НА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА, КОЕ СЕ ОДРЖА ВО БАР, РЕПУБЛИКА ЦРНА ГОРА КАДЕ ЈА ПОДИГНАА НАГРАДАТА КОЈА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ЈА ДОБИ ЗА ПРОЕКТОТ “ПРАКТИКИ ЗА ОДРЖЛИВО ЗЕМЈОДЕЛСТВО“ (ИНИЦИЈАТИВИ ЗА ПРОМОВИРАЊЕ НА ОДРЖЛИВИ ПРАКТИКИ ВО РАМКИТЕ НА СЕКТОРОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ И РУРАЛЕН РАЗВОЈ, ВКЛУЧУВАЈЌИ ГО И УСВОЈУВАЊЕТО НА ЗЕЛЕНИТЕ ЗЕМЈОДЕЛСКИ ТЕХНИКИ И ОДРЖЛИВИТЕ ТУРИСТИЧКИ ПРАКТИКИ, КАКО ШТО СЕ ЗЕМЈОДЕЛСКИОТ ТУРИЗАМ И ФАРМИТЕ) СО ПОСТАВУВАЊЕ НА 18 АГРОМЕТЕОРОЛОШКИ СТАНИЦИ ЗА РАНА ДЕТЕКЦИЈА НА БОЛЕСТИ НА ВИНОВА ЛОЗА Е ИЗБРАН ОД СТРАНА НА КОМИСИЈАТА ЗА ОЦЕНУВАЊЕ ЗА ОСВОЈУВАЊЕ НА НАГРАДАТА "ЗЕЛЕНИ ШАМПИОНИ" ЗА ЗАПАДЕН БАЛКАН ВО КАТЕГОРИЈАТА ИНОВАЦИИ И КРЕАТИВНОСТ ВО РЕШАВАЊЕТО НА ЕКОЛОШКИТЕ ПРЕДИЗВИЦИ – ЗАГАДУВАЊЕТО.





17 АПРИЛ Е СВЕТСКИ ДЕН НА ХЕМОФИЛИЈА!
ОПШТИНСКАТА ЗГРАДА ЈА ОБОИВМЕ ВО ЦРВЕНО СЕ СО ЦЕЛ ДА ИМ ДАДЕМЕ ПОДДРШКА НА ЛИЦАТА СО ХЕМОФИЛИЈА ВО МАКЕДОНИЈА.МОТОТО ОВАА ГОДИНА НА СВЕТСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА ЗА ХЕМОФИЛИЈА Е - ЕДНАКОВ ПРИСТАП ЗА СИТЕ, ПРЕПОЗНАВАЊЕ НА СИТЕ НАРУШУВАЊА НА ЗГРУТЧУВАЊА!



# АПРИЛИЈАДА

ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ СО СИНОТ СТОЈАНЧЕ И ЌЕРКАТА МИЛА, ВО ПРВОАПРИЛСКИ МАСКИ. ДЕЧИЊАТА ОД ДЕТСКАТА ГРАДИНКА „РАДА ПОЦЕВА", КАКО И УЧЕНИЦИТЕ ОД ОСНОВНИТЕ ОПШТИНСКИ УЧИЛИШТА МАСКИРАНИ ВО НИВНИТЕ ОМИЛЕНИ ФИЛМСКИ ЛИКОВИ И ПРЕДМЕТИ, ГО ОДБЕЛЕЖАА ДЕНОТ НА ШЕГАТА 1 АПРИЛ.

КАКВА ПОЗИТИВНА ЕНЕРГИЈА СОБРАНА НА ЕДНО МЕСТО.

















ОМБУ ЛАЗО МИЦЕВ РАЛЕ ПО 12 ПАТ ГО ОРГАНИЗИРАШЕ НАТПРЕВАРОТ ПО КАМЕРНА МУЗИКА – КМК КАВАДАРЦИ, СО УЧЕСТВО НА НАД 400 УЧЕСНИЦИ ОД ЗЕМЈАВА И СТРАНСТВО. ДИРЕКТОРОТ УПАТИ ЧЕСТИТКИ НА СИТЕ УЧЕНИЦИ И НАСТАВНИЦИ, И ИМ ПОСАКА УШТЕ МНОГУ УСПЕСИ ПОНАТАМУ И ГОЛЕМА БЛАГОДАРНОСТ ДО РОДИТЕЛИТЕ НА СИТЕ ДЕЧИЊА ЗА НИВНАТА ПОДДРШКА





# ОБРАЗОВАНИЕ

## СВЕТСКИ ДЕН НА ТЕАТАРОТ

НА 27 МАРТ 2024, ВО ГАЛЕРИЈАТА ПРИ ДОМОТ НА КУЛТУРАТА "ИВАН МАЗОВ - КЛИМЕ" КАВАДАРЦИ, ТЕАТАРОТ ПРИ ДОМОТ НА КУЛТУРАТА ГО ОДБЕЛЕЖА 27 МАРТ - СВЕТСКИ ДЕН НА ТЕАТАРОТ. ДЕНОТ БЕШЕ ОДБЕЛЕЖАН СО МАЛ ТЕАТАРСКИ ПЕРФОРМАНС, КАКО НАЈАВА ЗА ПРЕМИЕРИТЕ НА ТЕАТАРОТ КОИ СЛЕДУВААТ И ЧИТАЊЕ НА СВЕТСКАТА И МАКЕДОНСКАТА ПОРАКА ПО ПОВОД СВЕТСКИОТ ДЕН НА ТЕАТАРОТ. ЗА СИТЕ ТЕАТАРСКИ РАБОТНИЦИ И ТВОРЦИ, КАКО И ЗА ЉУБИТЕЛИТЕ НА ТЕАТАРСКАТА УМЕТНОСТ - ИСКЛУЧИТЕЛНО ВАЖЕН И ГОЛЕМ ДЕН.







## ПАТРОНЕН ПРАЗНИК 2024

ДЕН ПОСВЕТЕН НА ПАТРОНОТ НА УЧИЛИШТЕТО ЃОРЧЕ ПЕТРОВ.

ДЕН КОГА СЕ СУМИРААТ РЕЗУЛТАТИТЕ, СЕ ДОДЕЛУВААТ НАГРАДИ, ПРИЗНАНИЈА, ДЕН ЗА ЈУБУЛЕЈНИ НАГРАДИ И ДЕН КАДЕ УЧЕНИЦИТЕ ГИ ПОКАЖУВААТ СВОИТЕ УМЕТНИЧКИ И СПОРТСКИ СПОСОБНОСТИ.

И ОВОЈПАТ БЕШЕ ТАКА. МНОГУБРОЈНИТЕ ГОСТИ КОИ ПРИСУСТВУВАА ВО НОВАТА „КОНФЕРЕНЦИСКА САЛА" УЖИВАА ВО УМЕТНИЧКИОТ ПЕРФОРМАНС ПОДГОТВЕН ОД УЧЕНИЦИТЕ И МЕНТОРИТЕ. МЕЃУ ГОСТИТЕ И НАШИТЕ ПРИЈАТЕЛИ ОД СТРАНСТВО (СРОДНИ УЧИЛИШТА), ОД АЛЕКСАНДРОВАЦ, СОМБОР, КРАЉЕВО ОД СРБИЈА И ТЕТЕВЕН ОД БУГАРИЈА. ГОСТИ ОД ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА И ДРУГИТЕ УЧИЛИШТА ОД ГРАДОТ. ПОСЕБНА БЛАГОДАРНОСТ ИМ ИЗРАЗУВАМЕ НА УЧЕНИЦИТЕ ОД МУЗИЧКОТО УЧИЛИШТЕ ОД КАВАДАРЦИ, КОИ ЈА ЗБОГАТИЈА УМЕТНИЧКАТА ПРОГРАМА.







# СПОРТ

ПИШУВАМЕ ИСТОРИЈА!

ГФК ТИКВЕШ 1930 КАВАДАРЦИ/FC TIKVES 1930 KAVADARCI ОДИ ВО ФИНАЛЕ ВО КУПОТ НА МАКЕДОНИЈА!
СПОРТСКО КАВАДАРЦИ!
УБАВО КАВАДАРЦИ!
ЧЕСТИТКИ МОМЦИ, ЧЕСТИТКИ КАВАДАРЧАНИ




Општинско јавно гласило
**КАВ'ДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР**
**Издавач:** Општина Кавадарци - Локална самоуправа
**Уредник:** Лилјана Митрова
Сузана Шалева
Дизајн: Петре Здравков
Насловна форографија: Цветанка Камчева

**Печати:** печатница Арт Принт Студио
Тираж 300 броја
**Бесплатен примерок**

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
ул. М. Тито 66, 1430 Кавадарци, Р. Македонија
kavadarci.gov.mk